РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1782/2
27 05 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седумнаесеттата седница одржана на ден 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1782/1 од 22.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно тогашниот градоначалник на Општина Градско (2015 година), кој извршил избор за вработување на лицето Лилјана Љуткова, блиско лице на поранешниот градоначалник на Општина Велес, Славчо Чадиев, не ја извршува повеќе функцијата градоначалникот на Општина Градско.

Предметот со број 09-1782/1 од 22.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1782/1 од 22.03.2019 година е оформен врз основа на пријава по електронска пошта, а се однесува на вработување на лицето Лилјана Љуткова во Општина Градско во 2015 година, внука на поранешниот градоначалник на Општина Велес, Славчо Чадиев.

На седницата одржана на ден 22 мај 2019 година, по разгледување на предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработувањето на горенаведеното лице било извршено во 2015 година, по што е настаната промена на фактичката состојба, односно после Локалните избори во 2017 година Општина Градско има нов градоначалник и Државната комисија нема надлежност за утврдување на одговорност на овластено лице.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk